**Пекабеско АД**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИ КОНСОЛИДИРАНИ РЕЗУЛТАТИ

**За период Јануари - Декември 2022 година**

Пекабеско АД за периодот Јануари-Декември 2022 оствари позитивен консолидиран финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во консолидираните финансиските извештаи на Пекабеско АД.

**Вкупни приходи**

Остварените консолидирани вкупни приходи од работењето во периодот Јануари-Декември 2022 година изнесуваат 5.358 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат зголемување од 10%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество од 98,6%, имаат приходите остварени со продажба на готови производи, стоки и услуги кои во споредба со остварените во 2021 година бележат зголемување за 10%. Приходите од извоз изнесуваат 683 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 се зголемени за 7%

**Вкупни расходи**

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари-Декември 2022 година изнесуваат 5.247 милиони денари и во споредба со остварените во истиот период во 2021 година бележат зголемување од 10%.

**Инвестиции и отпис на материјални средства**

Вкупните консолидирани инвестиции во основни средства во периодот Јануари-Декември 2022 година изнесуваат 90 милиони денари. Главните вложувања се

направени во производствена, транспортна и компјутерска опрема како и во земјиште

Во 2022 година не се направени значителни отписи или продажба на материјалните средства

**Обврски по кредити**

Долгорочната консолидирана задолженост на 31.12.2022 година изнесува 158 милиони денари и во споредба со состојбата од минатата година бележи намалување од 35%.

Краткорочната консолидирана задолженост на 31.12.2022 година изнесува 23 милиони денари за разлика од состојбата од минатата година кога изнесувале 12 милиони денари

**Вработеност**

Консолидираната вработеност на крај на периодот Јануари-Декември 2022 изнесува 452 вработени и е пониска во однос на 2021 за 31 вработени

**Дивиденди**

Пекабеско АД и останатите компании за периодот Јануари-Декември 2022 немаат исплатено дивиденда